# Мапа до БОГАТСТВОТО



## ВОСХИТУВАЧКА АВАНТУРА

*Водич низ Библијата*

Во 1799-та година, едно 12 годишно момче од Северна Каролина по име Конрад Рид, отишло на риболов во еден залив на фармата на татко му. Додека ја испитувал водата, забележал интересен, тежок, црн камен во заливот и го довлечкал дома. Каменот бил толку тежок што семејството три години ја користело таа голема грутка како потпирач за вратата. Тогаш, во 1802 год. Ридови го продале каменот на некој златар за 3,5 долари. Подоцна откриле дека каменот, кој тежел скоро 8 килограми, всушност бил златна грутка која вредела илјада пати повеќе.

Кога Конрад сфатил дека три години практично се препнувал на богатство, сигурно бил многу тажен.

Библијата вели дека и милиони други луѓе, сè уште, секојдневно поминуваат покрај непроценливо богатство, несвесни за драгоценоста која им е на дофат. Дали знаеш дека Библијата содржи богатство на мудрост кое вреди повеќе од сребро, злато и рубини? (Изреки 3,13-15). Библијата е мапа која води кон цел еден град од злато и бесценети камења. Навистина!

Некои луѓе поминале низ врели пустини или длабоки џунгли трагајќи по богатство. Други ги испитувале сините морски длабочини во потрага по одамна изгубените и потонати бродови, натоварени со злато, накит и скапоцени антиквитети.





* Во оваа и во наредните лекции, во заградите е назначено на кое место во Библијата се наоѓа цитираниот текст.

***Дали си подготвен да започнеме чудесна авантура?*** Во оваа серија на библиски лекции ќе тргнеме во лов на богатствата на вистината, како што ќе го пронаоѓаме патот до Златниот град. Ќе го сретнеме и Царот кој ги има клучевите од тој град.

Но, потребни ни се сериозни истражувачи, не такви кои ќе се откажат тогаш кога нозете малку ќе се заморат или кога ќе се чини дека е тешко да се следи мапата. Ние ќе бараме да откриеме прекрасни нови нешта, но и драгоцени стари работи кои биле изгубени со стотици години. Нашата авантура започнува со истражување на страниците на Библијата, Божјиот збор.

## Дали си подготвен?

***Ајде, тогаш, да започнеме со најголемото откритие во нашиот живот!***

Пред да читаме од Библијата, ајде секогаш да се молиме Бог да ни помогне да ја разбереме. На пример вака:

*„Драги Боже, те молам помогни ми да го разберам Твојот збор. Во името на Исус, те молам. Амин.“*





## 1 Можеби некој ти кажал дека Библијата е само бајка. Но, дали можеме да веруваме дека Библијата е вистинита?

Одговор: ***„Целото Писмо е од Бога вдахновено“ (2. Тимотеј 3,16). „Зашто никогаш пророштвото не дошло од човечка волја, туку светите Божји луѓе зборувале поттикнати од Светиот Дух“ (2. Петрово 1,21).***

Што вели Библијата, кој го инспирирал нејзиното пишување?

____________________

И кој ги поттикнал срцата на Божјите луѓе да ги напишат библиските пророштва?

________________ ________.

Луѓето не ја измислиле Библијата. Таа не е „бајка“ или „легенда“. Таа е света порака од Бога пренесена до нас преку светите луѓе.

## 2 Како можеш лично да се увериш дека Библијата е вистинита?

Одговор: ***„Вкусете и видете колку е добар Господ: блажен е човекот, кој се надева на Него!“ (Псалм 34,8).***



Кога еден ден на училиште, за време на големиот одмор, твојот пријател би ти кажал дека за ужина го има најслаткиот и најсочен портокал, како би знаел дека ти ја кажува вистината?

Се разбира, најдобар начин би бил кога тој би ти дал едно парче да пробаш. Нели?

Кога некој би ти кажал дека знае да свири на 15 инструменти, би било тешко да му поверуваш. Но, ако пред твои очи извади од плакарот пет инструменти и беспрекорно засвири на секој од нив, најверојатно би му поверувал дека знае да свири и на останатите 10.

Зошто? Затоа што ти ги покажал своите таленти и способности.



**Најдобар начин да се дознае дали Библијата е вистинита е таа да се ____________________.**



| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| С | В | П | А | М | Л | М | А | Т | Х | Е | Р | Л | М | П |
| Е | И | Р | А | И | Ф | И | Е | Ѕ | В | Р | Е | Е | Е | Р |
| В | С | О | Б | Р | Е | А | Д | Ч | Ф | Л | И | Б | Ч | О |
| Е | Т | Р | У | Б | А | С | Н | Е | В | А | Е | Н | Л | П |
| С | И | О | Р | Њ | Љ | И | З | В | О | Р | П | А | С | Х |
| П | Н | Ш | С | И | Б | Л | Н | А | М | П | Ф | Ж | Е | Е |
| И | А | Т | Е | В | Т | И | М | О | Н | Ѕ | Д | И | Р | Ц |
| С | Ѓ | В | В | Ф | Е | Ѓ | В | Р | Е | Т | А | В | У | Ѕ |
| И | Д | О | Е | Ф | О | Т | И | Л | И | П | С | О | Т | Н |
| Е | Љ | Ѕ | Н | В | Ш | Т | И | А | Е | Р | Њ | Т | З | З |
| С | Њ | О | Р | О | А | Е | Р | Л | У | С | Д | О | А | Ѓ |
| Е | С | Т | Д | Р | С | Т | Р | У | К | П | Е | Т | К | О |
| Б | Е | Е | И | Н | Н | И | Н | Ѓ | Т | А | Њ | Р | О | Д |
| Ф | В | Б | Е | С | В | Е | Т | Л | И | Н | А | И | Н | В |
| С | Њ | Т | П | Е | Л | Т | Л | А | М | Б | П | Б | Џ | Е |

Библијата е збирка од 66 свети книги. Најверојатно ќе се изненадиш кога ќе дознаеш дека зборот „Библија" не се наоѓа во самата Библија. Таа користи неколку други имиња за себе. Пронајди ги тие имиња за Божјиот збор скриени во сложувалката горе.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СВЕТИЛКА** | **ИЗВОР** | **СВЕДОШТВО** | **ТРУБА** |
| **МЕЧ** | **ЗАКОН** | **ПРОРОШТВО** | **СВЕТЛИНА** |
| **СПИСИ** | **ВИСТИНА** | **ЛЕБ НА ЖИВОТОТ** | **РЕЧ** |

На следните неколку страници ќе истражуваме восхитувачки докази дека Библијата е вистинита и дека може да ѝ веруваме како на мапа до Божјето царство!



**Ајде да видиме дали можеме да откриеме некои ДОКАЗИ**



# 3 Дали Бог во Библијата ја претскажува иднината?

Одговор: Библијата кажува - *„Јас Сум Бог... Кој од почетокот го открива свршетокот и јавува однапред за она што уште не се збиднало!“ (Исаија 46,9.10).*

## Факт 1

Пред 2500 години кога Вавилон бил моќно царство, Бог му кажал на пророкот Даниел дека Вавилон наскоро ќе биде освоен. Тој, исто така, рекол и кои три светски царства ќе следат откако Вавилон ќе биде уништен. Аууу! Ние не би можеле да претпоставиме ни кои би биле следните три претседатели на нашата држава, зар не? А Бог му ги кажал на Даниел однапред следните три светски царства, и тоа е запишано во Библијата, за да можат сите да видат.

Бог кажал дека по Вавилонското царство ќе следи царство со кое ќе владеат Мидијците и Персијанците, наречено Медо-Персија. Потоа Александар Велики ќе ги покори, а по него со светот ќе владее силното „железно царство“, за нас познато како Рим. Дали Божјето пророштво било правилно? Да! Тоа целосно се остварило и денес стои запишано во нашите учебници по историја.

Заокружи го точниот збор за да ја завршиш реченицата.
Во Библијта, Бог често ја открива __________.

облаците идолите иднината војниците

### *Брзи факти*

Кога јавачите на „Пони Експрес“ галопирале сами низ Дивиот Запад, разнесувајќи пошта, не им било дозволено да носат пиштол зашто тој би претставувал товар. Но, сепак, сите тие носеле Библија!

## Факт 2

Не само што Бог кажал кои царства ќе следат по Вавилонското туку Тој во Библијата објавил и кој ќе ја предводи армијата што ќе го покори Вавилон. Повеќе од 100 години пред тоа да се случи, Бог рекол дека предводник ќе биде генералот по име Кир (Исаија 45,1-3). Погодете кој навистина бил водачот? Историските книги велат дека тоа бил Кир. Бог однапред го знаел тоа и дал да се забележи во Библијата, за да може да сознаеме дека Тој навистина ја познава иднината. Можеме да веруваме на она што го кажува Библијата и да знаеме дека Бог има план и за нашиот живот.

## РАЗМИСЛИ

Какво ли би било чувството да си Кир и да читаш за себе во светата книга која точно кажала што ќе направиш, и тоа уште пред да се родиш?



## Факт 3

Она што Бог го кажува во Неговиот збор секогаш се остварува! Дали знаеш дека денес никој не живее на местото на стариот Вавилон? Библијата претскажала (кажала пред тоа да се случи) дека никој нема да го „населува“ тоа место, ниту пак ќе живее таму. (Прочитај Исаија 13,19.20 и Еремија 51,37) Неверојатно!




Библијата е поделена на два главни дела: Стар завет, кој содржи историја и пророштва запишани пред Исусовото раѓање, и Нов завет, кој ни кажува за Исусовото раѓање и делата на првите христијани. Некои луѓе мислат дека само Новиот завет е вистинит за нас денес и дека не можеме да му веруваме на Стариот завет. Но, ние штотуку прочитавме дека старозаветното пророштво за сите оние светски царства се остварило. А Псалмот 119,160 вели: ***„Целаша Твоја реч е вистина“***. Целата Библија е вистина! Постојат уште многу восхитувачки пророштва во Библијата за кои ќе дознаеме подоцна. Библијата е навистина инспирирана од Бога. Тој е единствениот кој знае што ќе се случи во иднината.

**Библијата ја кажува и твојата иднина!**

**Најди го патот до небесното царство.**



# Факт 4

Постојат повеќе од **125** пророштва кои, уште пред Исус да дојде на Земјата, кажувале за различните нешта кои ќе се случат во неговиот живот. Тоа е навистина многу!

Знаеш ли колку од нив се оствариле?

**СИТЕ!**



Овие пророштва се запишани во Стариот завет (пред Исус да дојде), и кажуваат како и кога биле исполнети (кога се случиле) во Новиот завет. Овде се издвоени само неколку, напишани во криптограм. За помош, побарај ги стиховите...

**Клуч:**

А = О
Б = К
В = П
Г = Л
Д = И
Ѓ = Д
Е = С
Ж = Ј
З = Ш
Ѕ = Ж
И = У
Ј = Љ
К = Ц
Л = Ф
Љ = Г
М = Т
Н = Џ
Њ = Ѓ
О = Е
П = Б
Р = Х
С = Ќ
Т = М
Ќ = Ѕ
У = А
Ф = З
Х = Р
Ц = Њ
Ч = Н
Џ = Ч
Ш = В

**1. Хеису пе Пумфсст** ______________________
(Михеј 5,2; Матеј 2,1)

**2. Хеису еи испуњо** ______________________
(Исаија 7,14; Матеј 1,18-23)

**3. Шо тофца ио куис акусџ!** ______________________
(Еремија 31,15; Матеј 2,16-18)

**4. Бхеиоисџ шо боху** ______________________
(Захарија 11,12; Матеј 26,14-16)

**5. Хоќбџом џо цхќм** ______________________
(Захарија 12,10; Јован 19,16-18, 37)

**6. Џсто ио та ќс ќцхву цеќцо** ______________________
(Псалм 34,20 и 2. Мојсеева 12,46; Јован 19,31-36)

**7. Тетсџмем џо ќтхммо** ______________________
(Даниел 9,26.27 и 2. Мојсеева 12,6; Матеј 27,45-50)

**8. Ѕс пеќцхсќџс!** ______________________
(Осија 6,2; Дела 10,38-40)

**Одговор:** 1. Роден во Витлеем 2. Роден од девица 3. Замалку да биде убиен! 4. Продаден за пари 5. Распнат на крст 6. Нема да му се скрши коска 7. Моментот на смртта 8. Ќе воскресне!

**Сите Божји пророштва се остваруваат.**

***„Господ Бог не прави ништо а да не им ги открие Своите намери на Своите слуги - пророците“ (Амос 3,7).***



# 4 Дали Библијата зборува за научни податоци кои би ни помогнале да докажеме дека е вистинита?

Ајде да истражиме уште некои факти:

**НАУКАТА ја потврдува Библијата!**

## Факт 5

Многу од древните народи мислеле дека Земјата лежи на грбот на џиновска желка или на рамењата на некој човек. Но, Божјиот збор вели: „Тој ја држи земјата, необесена на ништо“ (Јов 26,7). Библијата ја дала оваа изјава 3000 години пред научниците конечно да откријат, по бројни години проучување и истражување, дека Земјата кружи околу Сонцето и дека лебди во просторот!

## Факт 6

Со илјадници години луѓето сметале дека земјата е рамна.

Во 1400-та година, Кристофер Колумбо верувал дека земјата е тркалезна и сакал тоа да го истражи. Но, повеќето луѓе се плашеле и сметале дека тој е луд. Тие мислеле дека доколку тој отиде предалеку на океанот, ќе стигне до работ и едноставно ќе падне од Земјата.

Затоа Колумбо имал голема мака да пронајде брод и морнари што ќе сакаат да го следат на неговата неверојатна авантура! Исто така, имал проблем да најде некој што ќе го финансира патувањето. Но, на крајот сепак успеал да ги убеди кралот Фердинанд и кралицата Изабела да му веруваат.



Се разбира, знаеме дека Колумбо не паднал од работ на Земјата. И сите научници знаат дека земјата е тркалезна. Но, можеле ли да го знаат тоа и порано? Стотици години пред Колумбо да се роди, Бог рекол во Библијата: ***„Тој престолува над земниот круг“ (Исаија 40,22).***

Земјата е круг, зар не?! Бог се грижи за целата Земја и за секој од нас поединечно. Зборовите на Библијата се вистина! Луѓето коишто Бог ги инспирирал да ја напишат, ја запишувале вистината.

Во 1493, додека се наоѓал на Западните Инди, Кристофер Колумбо фрлил во морето шише со порака за кралицата Изабела I од Шпанија. Повеќе од 350 години подоцна, тоа шише било пронајдено од капетанот на еден американски брод. Тој ѝ го предал на кралицата Изабела II од Шпанија.

**ЦЕЛОКУПНОСТА ја потврдува Библијата!**

# Дали знаеш дека восхитува фактот што целата Библијата се вклопува во една целина?

Замисли 40 ученици од твоето училиште да отидат на еднодневна екскурзија во Охрид, а потоа да побараат од нив да напишат свој извештај за тоа. Дали мислиш дека сите извештаи ќе звучат исто? Некои дури би можеле да звучат како да се од целосно различни патувања! Знаеш ли зошто? Затоа што луѓето ги гледаат и ги паметат нештата различно. Понекогаш извештаите може да бидат и спротивни едни на други - а сета таа конфузија би настанала од само една прошетка со твоите соученици!

## Факт 7

**Библијата, од друга страна, е една од најчудесните книги: таа е пишувана во период од 1500 години, од 40 различни луѓе и на 3 различни јазици. Библијата се состои од 66 книги и сепак тие се вклопуваат во една целина. Тие не си противречат. Она што едната кажува за Бога и за историјата, се сложува со она што другите автори го кажуваат, иако некои од нив биле високошколувани луѓе, а некои не. Понекогаш, тие малку се разликуваат кога опишуваат еден ист настан, со тоа што секој писател додава единствени детали кон целината.**

Можеш ли да погодиш која група книги е **СТАРИОТ Завет** а која е **НОВИОТ Завет?**




? _ _ _ Завет




? _ _ _ Завет

**1,500 години + 40 луѓе + 3 јазици + 66 книги + 3 континенти = 1 Библија**

Размислете за ова: кога група овчари, рибари, свештеници, теолози, цареви, еден армиски генерал и еден лекар би напишале книги - мислите ли дека тие би се согласиле или вклопиле на каков било начин? Многу од библиските писатели никогаш не се сретнале еден со друг, бидејќи живееле на три различни континенти. Тие, исто така, живееле и во различни временски периоди - сетете се, Библијата е пишувана во текот на временско растојание од 1500 години! Сепак, таа се вклопува совршено, и еден дел објаснува друг.

Како е ова можно? Да го погледнеме стихот од Светото Писмо што го читавме на почетокот од нашево проучување: ***„зашто никогаш пророштвото не дошло од човечка волја, туку светите Божји луѓе зборувале носени од Светиот Дух“ (2. Петрово 1,21).***

**Дааа!** Тоа не е само факт. Тоа е ***одговорот!***

Библијата се вклопува во целина бидејќи Божјиот Свет Дух дејствувал во секој од овие луѓе кои го сакале Бога и ги поучувал што да пишуваат! Тие не ги измислиле овие работи. Всушност, многу од нив, дури и не разбрале некои од пророштвата што ги напишале, ниту пак сфатиле како би можеле тие да се исполнат.

Но, Бог знаел, и сакал и ние да знаеме. Библијата е специјална порака од Бога за нас. Не е ни чудо што се вклопува во една целина!

**ПРОМЕНАТА НА СРЦЕТО ја потврдува Библијата!**

**6**

## Знаеш ли која е една од најзначајните карактеристики на Библијата?

Библијата вели: ***„И тaка, ако е некој во Христa, тој е ново создание; стaрото помина, ете: сè стaна ново“ (2. Коринтјаните 5,17).***

ОДГОВОР: Една од најзначајните карактеристики на Библијата е она што таа може да направи за луѓето и она што таа може да стори за тебе!

Да, тоа е доказ дека Библијата е вистинита. Животот на човекот се менува кога тој или таа дознаваат за Исусовата љубов и избираат да го послушаат она што Бог го вели во Библијата. Токму тоа покажува дека Божјиот збор навистина е инспириран - со нејзината моќ грубите, лоши, или тажни луѓе се менуваат во добри, љубезни и среќни. Таа има моќ да направи од нас нови суштества, како што вели цитатот од Библијата, погоре. Таа може да направи промена и во твојот живот!

Некој човек, којшто не верувал во Библијата ниту во Божјата моќ, бил во посета на еден остров кој некогаш бил населен со човекојадци. Човекот видел еден стар домородец како ја чита Библијата и почнал да го потсмева поради тоа што чита книга „полна со невистини“. Домородецот само се насмевнал и му рекол: „Пријателе, биди благодарен што веруваме во оваа книга, инаку, ти ќе беше нашата вечера“.

Силата на Божјата љубов, прикажана во Библијата, е најубедливиот доказ дека Библијата е точна.

**Еден атеист еднаш изнел предизвик пред голема публика: „дајте ми барем еден доказ, кој не може да се побие, дека Библијата е вистинита!“ Една ситна, постара госпоѓа застанала, си го прочистила грлото, а потоа со изнемоштен глас, рекла:**

**„20 21 19 16 7 17 7 23   8 11 3 19 23!“**

**Упатство:** Замени ги бројките со букви од азбуката.

Одговор: „Променет живот!“

„_ _ _ _ _ _ _ _   _ _ _ _ _!“



**СОЗДАВАЊЕТО ја потврдува Библијата!**

# 7 Кога ќе ја прифатиме Библијата како Божји збор, можеме ли да имаме сознанија за работи по кои другите сè уште трагаат?

Ние можеме да знаеме тајни за светот, кои за научниците нехристијани со години претставуваат загатка и кои, без Бог, можеби никогаш нема да ги откријат! Па сепак, можеме да бидеме сигурни во тие сознанија. Зошто? Затоа што тие тајни Бог им ги открил на пророците, а тие ги запишале во Библијата.

**Факт 8**

Одговор: Да! Многу! Царот Давид рекол: ***„Поразумен сум и од старците, зашто ги чувам Твоите наредби“ (Псалм 119,100).*** За некои работи можеме да знаеме повеќе и од постарите и од многу образовани луѓе, само ако веруваме и ги почитуваме Божјите прописи - Неговите закони.

## Кои нешта можеме да ги знаеме?

а) Бог го создал светот и сите живи суштества за само шест дена. ***“Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сè што е во нив, а на седмиот ден се одмори. Затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден” (2. Мојсеева* 20,11).*** Сè на светот е од Бога создадено - растенијата, птиците, животните. Тие не еволуирале во текот на милиони години, вели Библијата.

б) Ниту на човекот му требале милиони години за да еволуира. Нашиот пра-пра-пра-пра прадедо не бил мајмун. Бог го создал првиот човек. Чујте: ***„И Бог рече: ‘Да направиме човек според Нашиот лик’ … Тој го создаде според Божјиот лик; ги создаде машко и женско“ (1. Мојсеева** 1,26.27).*** Зачудувачко откритие, зар не? Бог ги создал првиот човек и првата жена - и тоа според својот лик! Ауу! Илјадници луѓе не ја знаат оваа прекрасна тајна! Но, ние ја знаеме бидејќи Бог му кажал на пророкот.



Бог сака да знаеме дека Тој нè создал според својот лик и дека многу нè сака. Ние сме му важни, бидејќи ние сме негови скапоцени деца.



* 2. Мојсеева се вика уште и **„Излез“** **1. Мојсеева се вика уште и **„Битие“**



**в**) Во минатото на Земјата се случил потоп кој уништил сѐ. Биле спасени само Ное, неговото семејство, и животните во бродот што тој го изградил (читај *1. Мојсеева* поглавја 6, 7 и 8). Библијата вели дека ***„бликнаа сите извори на безднатa”.*** Значи не била тоа само вода која врнела одозгора, туку и вулкани, гејзири и земјотреси оздола - и целиот свет бил распарчен. Забележи дека така биле формирани многу фосили! Тоа се животни кои се закопани одненадеж, со храна во нивните усти и стомаци.

***„Водите надоаѓаа бујно над земјата и растеа високо… така што ги покрија сите највисоки планини под небото“ (1. Мојсеева 7,18.19).***

Научниците не можат да разберат како може некои фосили, кои ги наоѓаат во ист слој на земјата, од малечки морски животни до големи слонови, да бидат со иста старост, кога тие веруваат дека некои од овие животни се развиле милиони години подоцна. Но, ако ја прифатиме Библијата како вистина, ние ќе знаеме. Оние што ги проучуваа слоевите на Гранд Кањонот ги променија своите методи на мерење, па, сега не мислат дека кањонот е стар како што мислеа порано. Некои од нивните минати теории се покажаа неточни. Тие не знаат колку е навистина стара Земјата, и ги менуваат своите ставови додека ги откриваат доказите во фосилите, кои им покажуваат дека Земјата не е толку стара како што мислеле порано, .

**Најголемото откритие досега е дека целата Библијата е вистинита и дека Бог нѐ сака и сака да нѐ спаси.**



Библијата ни вели:
***„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).***



Библијата, исто така, кажува: ***„Твоето слово е… светлина на мојата патека“ (Псалм 119,105).*** Библијата може да ни го покаже патот како да веруваме во Бога и како да го следиме.

Низ историјата, под влијание на сатаната, многу луѓе се обидувале да го изгорат и да го забранат Божјиот збор. Денес мнозина се обидуваат да го уништат, велејќи дека не е вистина. Но, колку повеќе луѓето се трудат да го уништат влијанието на Библијата, толку поблескаво таа сјае. Луѓе умираат и биваат заборавени, ***но што е тоа што ќе трае засекогаш?***

ОДГОВОР: ***„Словото на нашиот Бог останува довека“ (Исаија 40,8).***
*Колку големо откритие!*

Бог нѐ сака и може да одговори на сите наши прашања. Ако побараме, Неговиот Дух ќе нѐ учи и ќе ни помогне да ги откриеме драгоцените стари богатства, но и уште многу нови богатства додека патуваме низ страниците на Библијата. (Прочитај 1. Коринтјаните 2,12.13 и Јован 14,26). Зар тоа не е возбудливо?

**8**

## Дали си расположен Бог да те поучува? ________




Еден ден, Никола го набљудуваше својот дедо како ја чита Библијата на тремот. „Дедо", рече тој, „Те гледам како ја читаш Библијата секој ден. Зар уште не си ја прочитал?"

„Да, многу пати!" Одговори дедо му.

Сега, веќе со видлива љубопитност, Никола праша: „Зошто тогаш, продолжуваш да ја читаш и понатаму? Зар не се сеќаваш што си прочитал?"

„Па, не се сеќавам баш на сè", објасни дедото. „Освен тоа, треба да ја читаме Библијата секој ден!"

„Не гледам зошто", рече Никола.

Тогаш дедо му побара од него нешто многу необично. „Ја гледаш кошницана за јаглен? Однеси ја до изворот и наполни ја со вода, потоа врати ја овде колку што можеш побрзо!" Тоа беше кошницата која дедото секогаш ја користеше за да донесе јаглен за шпоретот во куќата. Никола забележа дека внатрешноста на кошницата е валкана од црниот прав од јагленот.

Ја зеде кошницата, потрча до изворот, ја наполни со вода, а потоа брзо ја донесе назад кон дедо му. Но, додека стигна до него, таа беше речиси празна! Водата скоро истече низ малите пукнатини на ѕидовите од кошницата.



„Обиди се повторно, Никола!", повика дедо му. Непоколеблив, Никола веќе трчаше назад кон изворот, ја наполни со вода и се врати. Но пак, додека тој се врати, водата истече.

Фрустриран, Никола рече: „Дедо, тоа е губење време! Водата едноставно истекува!"

„Тоа е точно!", Рече дедо му. „Но, погледни ја кошницата повторно."

Детето ги ококори очите кон кошницата за јаглен кога сфати дека внатрешноста сега беше сјајно чиста! Дедото објасни: „Знаеш, кога ќе го исполниме нашиот ум со Божјит збор, ние потоа не се сеќаваме на сè што сме прочитале, но, тој ги чисти нашите срца додека тече низ нас".

Библијата вели: ***„Како ќе го запази младиот човек чист својот пат? чувајќи ги Твоите зборови" (Псалм 119,9).***

***Дали уживаше во оваа лекција?*** Се надеваме дека така!
Провери го сега своето знаење со **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Пополни го кругчето пред точниот одговор. Одбери го најдобриот!

**1. Кој дел од Библијата е вистина?**

○ а) само Стариот Завет
○ б) само Новиот Завет
○ в) целата Библија

**2. Уште пред илјадници години, во Божјиот збор стои дека земјата е:**

○ а) рамна
○ б) квадратна
○ в) тркалезна

**3. Ние можеме да им веруваме на пророштвата во Божјиот Збор:**

○ а) во поголем број случаи
○ б) секогаш
○ в) никогаш
○ г) понекогаш

**4. Најголемото откритие досега е дека:**

○ а) Земјата е тркалезна.
○ б) бродот Ноќа бил пронајден во близина на Флорида.
○ в) На Гранд Кањонот му требале милиони години за да се формира.
○ г) Божјиот збор е вистинит, и Бог нè сака.

**5. Ако верувам во Божјиот збор, кои работи знам дека се вистинити, а кои се невистинити?**

(одговори со **В** или **Н**.)

___ а) Бог го создал светот за само шест дена.

___ б) Ние сме еволуирале во луѓе во период од милиони години.

___ в) Никој не знаел кога Исус ќе се роди.

___ г) Библиските пророци објавиле кога ќе се роди Исус.

___ д) Бог ни ги кажува своите тајни преку пророците.

___ ѓ) Ние не можеме да знаеме дали навистина имало потоп.

___ е) Од Божјиот збор, знаеме дека имало потоп.

___ ж) Најголем доказ дека Библијата е вистина е фактот што таа ги менува животите на луѓето.

___ з) Божјиот збор ќе остане засекогаш, и ние можеме да му веруваме.

**6. Библијата се состои од _____ книги.**

а) 5
б) 15
в) 66

**7. Библијата е напишана од _____ различни писатели.**

а) 3
б) 40
в) 5.000



## 8. Сите _____ библиски пророштва за Исус се исполниле.

а) 3
б) 125
в) 80

## 9. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?

## 10. Дали избираш да веруваш во Божјиот збор, Библијата?

**Одговори:**

1. Кој дел од Библијата е вистина?
   **в)** целата Библија
2. Уште пред илјадници години, во Божјиот збор стои дека земјата е:
   **в)** тркалезна
3. Ние можеме да им веруваме на пророштвата во Божјиот збор:
   **б)** секогаш
4. Најголемото откритие досега е дека:
   **г)** Божјиот збор е вистинит, и Бог нè сака.
5. Ако верувам во Божјиот збор, кои работи знам дека се вистинити, а кои се невистинити? (одговори со В или Н.)
   **Т - а)** Бог го создал светот за само шест дена.
   **Н - б)** Ние сме еволуирале во луѓе во период од милиони години.
   **Н - в)** Никој не знаел кога Исус ќе се роди.
   **Т - г)** Библиските пророци, објавиле кога ќе се роди Исус.
   **Т - д)** Бог ни ги кажува своите тајни преку пророците.
   **Н - ѓ)** Ние не можеме да знаеме дали навистина имало потоп.
   **Т - е)** Од Божјиот збор, знаеме дека имало потоп.
   **Т - ж)** Најголем доказ дека Библијата е вистина е фактот дека таа ги менува животите на луѓето.
   **Т - з)** Божјиот збор ќе остане засекогаш, и ние можеме да му веруваме.
6. Библијата се состои од ___ книги.
   **в)** 66
7. Библијата е напишана од ___ различни писатели.
   **б)** 40
8. Сите _____ библиски пророштва за Исус се исполниле
   **б)** 125

Твоето име и презиме ______________________

Твојата адреса ______________________

Одобрение од родител / старател ______________________ ______________________
*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:
**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**
и очекувај ја следната лекција!

1